UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

# ОД ПРЕДИСТОРИСКИ РИТУАЛ ДО КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ

**Никола В. Димитров**[1] и **Ангела Димитрова**[2]
[1]Проф. д-р. Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk
[2]М-р. Театар за деца и младинци - Скопје, dimitrova.angela6@yahoo.com

**Апстракт**

Првите ритуали на човекот во предисторијата се прапочеток на театар на отворено. Ритуалите, обредите, церемониите, танците се први форми од кои произлегува театарот како културна вредност и главна алка на културниот туризам.
Целта на трудот е преку анализа да се согледа интеграцијата „од предисториски ритуал до театар", како прво ниво на развој на театарот. Второ ниво на развој и поврзаност е интеграцијата „од театар до театар за туристи". И на крајот, како трето ниво на развојот и интеграција на театарот е „од театар за туристи до културен туризам".
Всушност третото најсложено ново на поврзаност го сочинува културниот туризам, во кој се вклучени сите видови културни сфери *(драма, музика, ликовна уметност, спорт, филм, литература, архитектура, дизајн, креативни индустрии, фолклор, традиција, библиотечна и музејска дејност, археологија и др.)* од кои произлегуваат и повеќе алтернативни видови туризам *(т.н. уметнички туризам, креативен туризам, археолошки, музејски и сл.)*.
Театарот, туризмот и културата имаат многу сличности како во појавата, развојот, промоцијата, маркетингот, менаџментот итн. Трите работи се успешни бидејќи работаат во живо, преку директна посета, со промоција, со конкретно сценарио, агенда, програма и тоа за определен временски период, во отворен или затворен простор со определен престој, со добро осмислен маркетинг и сл.
Генерално, директната вклученост и поврзаност на културата со туризмот е пресликана во културниот туризам како селективен вид туризам.
Во оваа кратка статија зборуваме само за театарот како една од најстарите уметничка форма која значително партиципира во културниот туризам. За оформување на друдот користиме литература и лична емпирија - искуство од кои ја извлекуваме суштината на трудот.
**Клучни зборови**: ритуал, театар, перформанси, туристи, туризам, култура

# FROM PREHISTORIC RITUAL TO CULTURAL TOURISM

**Nikola V. Dimitrov**[1] & **Angela Dimitrova**[2]
[1]Prof. Dr. Faculty of tourism and business logistics, University "Goce Delchev -Shtip, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk
[2]M.Sc. Theater for children and youth - Skopje, dimitrova.angela6@yahoo.com

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

**Abstract**

The first rituals of man in prehistory are the beginnings of an open-air theater. Rituals, rites, ceremonies, dances are the first forms from which theater emerges as a cultural value and the main link of cultural tourism.
The aim of the paper is to analyze the integration "from prehistoric ritual to theater", as the first level of theater development. The second level of development and connection is the integration "from theater to theater for tourists to cultural tourism". And finally, as the third level of the development and integration of the theater is "from theater for tourists to tourists to cultural tourism".
In fact, the third most complex new form of connection is cultural tourism, which includes all types of cultural spheres (drama, music, fine arts, sports, film, literature, architecture, design, creative industries, folklore, tradition, library and museum activities, archeology etc.) from which arise several alternative types of tourism (the so-called artistic tourism, creative tourism, archeological tourism, museum tourism, etc.).
Theatre, tourism and culture have many similarities as in emergence, development, promotion, marketing, management, etc. The three things are successful because they work live, through a direct visit, with promotion, with a specific scenario, agenda, program and that for a certain period of time, in an open or closed space with a certain stay, with well-thought-out marketing, etc.
In this short article, we only talk about theater as one of the oldest art forms that significantly participates in cultural tourism. To form the paper, we use literature and personal experience - experience form which we extract the essence of the paper.
**Key words**: ritual, theater, performance, tourists, tourism, culture

## Вовед

Темата која ја истражуваме е многу опширна и за истата може да се пишуваат повеќе стручни, научни трудови и тематски книги. Затоа истражуваме само мал дел од интеграцијата на уметноста со туризмот, а тоа е театарот и неговата поврзаност со туризмот, односно културниот туризам. Во прилог на ова ќе изнесеме наша најоптимистичка изјава, дека: *„театарот започнува со првите ритуали на прачовекот, и како што се развивал така го освојува културниот простор во туризмот"*.

Низ историјата театарот се развивал во сите простори на светот и тоа преку разни драмски форми, стилови, жанрови, системи и правци. Денес, поврзаноста на туризмот со театарот се препознава преку синтагматската врска *„добро организиран туризам е театар во живо"*.

Според наши паушални пресметки, денес во светот постојат околу 200.000 разни театри (драмски, комедија, трагедија, сатира, детски, младински, танцов, музички, куклен, театар на сенки, мимика, пантомима, алтернативен, авангарден, арт театар, интимен театар, мултимедијален театар итн.). Ако кон ова ги додадеме и повеќе стотици илјади археолошки локалитети уредени за посета, потоа повеќе стотици илјади музеи, оперски куќи, спортски сали,

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

стадиони и сл., тогаш бројот на објекти со културна намена се зголемува на повеќе милиони.

Исто така, според наши претпоставки во светот годишно се изведуваат околу 100 милиони разни изведби (претстави, фестивали, натпревари и сл.).

Така, нашите приближно определени пресметки покажуваат дека во текот на годината на сите разни изведби присуствуваат неколку милијарди луѓе од кои околу две милијарди се туристи. Податоците изнесени погоре се главен мотив за истражување на оваа тема.

## Материјали и методи

Трудот е конципиран врз основа на користење на стручна литература и лични искуства. Од научно - истражувачки методи користиме повеќе, и тоа: метод на дескрипција, генетичка метода, метод на анализа и синтеза, метод на апстракција со конкретизација и емпириска метода.

## Резултати и дискусија

Резултатите од истражувањето со наведениот наслов: „Од ритуал до културен туризам“ го прати развојот на театарот и неговата поврзаност со туризмот. Од истражувањето издвоени се три посебни нивоа на развој и поврзаност, и тоа: прво ниво „од предисториски ритуал до театар“, второ ниво „од театар до театар за туристи“, и трето ниво „од театар за туристи до културен туризам“.




Слика 1: Нивоа на развој и поврзаност на театарот - од предисториски ритуал до културен туризам
Figure 1: Levels of development and connection of theater - from prehistoric ritual to cultural tourism

### 1. **Од предисториски ритуал до театар**: прво ниво на развој и поврзаност

Најстара форма на човеково изразување е пештерската уметност од камено време. Пештерската уметност датира од 40000 до 5000 г. пр. н. е. и е регистрирана на сите континенти. На пештерските ѕидови и тавани прикажани се цртежи на сцени како мажи и жени танцуваат, пештерска слика на ловец облечен како негов плен, потоа пештерска слика на ловци како ловат елени и друг дивеч, пештерска слика на волшебничка преправена во елен, пештерски слики на обреди и ритуални игри - духовни танци итн.

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

Од овие пештерски слики произлегува дека ритуалот бил еден од камен - темелниците на историјата на театарот. Ритуалот го нагласувал правењето на нештата - повеќе реалните и вистинските отколку чисто метафизичките. Главна улога во ритуалот е заедничката приказна: волшебникот - богот - кралот - херојот кој се бори против непријателска сила (лошо време или природни непогоди, голема смртност и сл.); тој е тешко повреден - понекогаш дури и умира; потоа воскреснува; на овој начин симболично се реконструира митот за создавањето [1].

Врз основа на голем број артефакти се доаѓа до заклучок дека во предисторијата, покрај пештерските цртежи на луѓе и животни се изведувале и разни ритуали, обреди, церемонии, магии, духовни танци во затворен но, и на отворен простор, прво пред малобројна орда, а подоцна и пред повеќе луѓе - членови на племе.

За да се создадат ваквите сценски изразувања, значи уште од најрано време постоеле луѓе со креативна дарба. Да се нацртаат најважните сцени од животот, да се преправи во животно, да се изведуваат разни ритуални игри и да има луѓе кои ќе го гледаат тоа, луѓе кои ќе тагуваат или ќе се радуваат. Значи тоа биле првите уметници, артисти, првите кратки изложби, изведби, првите претстави пред првата публика. Тоа бил првиот театар во затворен и отворен простор.

Факт е, дека, театарот е создаден како изведба на ритуални активности кои не бараат од гледачите да поминуваат низ некакви обреди. Оваа сличност на раниот театар со ритуалите беше побиена од Аристотел, кој во својата „Поетика“ го дефинираше театарот како различен од изведбата на светите мистерии [2].

Точно е, театарот бил дел од човековиот род практично од моментот кога луѓето почнале да одат исправено. Театарот во живо е една од најпрекрасните активности кои човекот воопшто некогаш ги измислил [1]. Театарската историјата и разновидноста се неверојатни. *„Од племенски ритуали до авангардни перформанси; од религиозни фестивали до добро направени драми; од соло - претстави до неколку илјадна актерска екипа,...од лесна разонода до филозофија...театарот го искажал и покажал сето тоа“* [1].

Театарот во Стар Египет имал „пирамидни“ драми, драми на свечености при крунисување, драми на страсти *(битки на копно и на море, убиства, расчеречување, сцени на составување на тело, патување на Нил, страшна сцена на воскреснување и сл.)*, драми на Ра - богот на сонцето итн. Често се случувало дејствијата да траат и по неколку дена, и публиката се вклучувала во битките, една половина поддржувајќи го лошиот бог Сет, а другиот навивајќи за Хорус. Актерот/војниците кои го убивале Озирис (кој подоцна станал бог) најверојатно биле жртвувани (со тоа подготвувајќи атмосфера за идниот третман на „статистите“) [1].

Во стариот Египет (4000-500 г. пр.н.е) се споменува првиот актер кој воопшто бил споменат во пишаната историја, а тоа бил некој И-кер-неферт (оттука древната песна на актерите пред претстави: „И-кер-неферт потсети ме на репликите“).

Во старата грчка историја (1200-500 г. пр. н.е.) стои дека класичниот грчки театар бил создаден во V век пр. н. е. Нивниот збор theatron („простор за

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

гледање“) ни го дал името театар. Најголем театар бил во градот Епидаур, потоа Дионисов театар во Атина, Делос, Делфи и други.

Во основа, класичната грчка драма се делела на три форми: трагедија, сатира и комедија. Трагедијата обработувала сериозни теми, преку внатрешни превирања на ликовите на луѓе на високи положби кои се бореле со големите политички прашања што ги наметнува човекот (живот, смрт, боговите, дали небото ќе ни падне врз главата), сатира (половина човек половина животно, обично јарец) се шегувала на дволичноста на човекот, додека комедијата му се смеела на секојдневниот живот преку хумор и ликови на луѓе од пониските класи.

Од тој период потекнува и поимот Оркестра („простор за танцување“). Драмите биле изведувани на пет или шестдневен фестивал наречен „Дионисии“ во чест на богот Дионис. Изведбите на драмите биле групира во тетралогија (три трагедии, една сатирична драма). Заштитнички музи на комедијата и трагедијата биле: Талија на комедијата и Мелпомена на трагедијата. Познато е дела се изработувале два вида маски за комедија и за трагедија. Актерите кои ги изведувале претставите носеле маски во вид на шлем, кој го покривала целото лице и главата, со дупки за очите и мал отвор за устата, како и вметната перика. Маските биле изработени од органски материјали, биле лесни, не се сметале за трајни и на крајот од претставата биле положувани на олтарот на Дионис. Покрај маските, актерите носеле и други костими и детали.

Тепсид е прв познат писател на трагедии („татко на трагедијата“) и прв забележан глумец - актер во историјата на театарот. Тој е претставник на класичниот грчки театар, кој во 534 г. пр. н. е. прв пред хорот поставил еден глумец кој со хорот говори и го поттикнува на пеење или со хорот води дијалог. Тепсид го вовел системот во кој глумецот е протагонист и ја глуми својата улога, значи на себе превзема двојна улога - протагонист и глумец.

Театарот - драмата, во која приказните се раскажуваат со зборови и гестови, постои повеќе илјади години. Можеби потекнува од раскажувањето и танцот, кои биле дел од верските обреди или начини да се пренесе натаму племенската историја. Додека пак, пиесите служеле само за естетски цели.

Драмата во други култури служела за претставување на митовите и приказните со верска содржина, како кај индонезискиот куклен театар вајанг култ, кај средновековните христијански морални пиеси во Европа и јапонските драми Но. Овие театарски форми често се високо стилизирани, со многу ликови и гестови.

Во 776 г. пр. н. е. во Стара Грција, односно во градот Олимпија се одржале првите Олимписки игри. Овие игри, биле церемонија со разни натпревари во спорт во чест на богот Зевс. Се одржувале на секои 4 години и траеле пет дена. Главни спортски дисциплини биле: трки со коњски коли, лесна атлетика (трчање - трки и петобој - фрлање диск, фрлање копје, фрлање ѓуле, лак и стрела, скок во далечина), тешка атлетика (борење, бокс и еден спорт кој бил комбинација од овие два спорта наречен панкрација). На игрите учествувале натпреварувачи од хеленските градови држави но, и од Македонија. Олимпискиот стадион собирал до 50.000 гледачи.

Олимписки игри организирале и Македонците во чест на богот Дионис. Овие игри биле пандан на хеленските. Исто така во Македонија, подоцна се градат старогрчки театри, кои римјаните ги адаптирале на нивниот

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

архитектонски стил. Тоа биле театрите во Лихнидос (Охрид), Скупи (Скопје), Стоби (Градско) и Хераклеја Линкестис (Битола).

Во Стариот Рим (250 г. пр. н.е. - 500 г. н. е) театарот бил со помала вредност. Приоритет се давало на фестивали наречени ludi "игри", кои биле трки со двоколки, гладијаторски борби до смрт со сечење и прободување, борба со животни, борба меѓу животни, ловот или жртвување на христијани со животни и сл. Циркусот и колосеумот биле сцени на кои се одржувале разни „игри", на кои присуствувале десетици илјади луѓе, почнувајќи од императорот до обичните граѓани и робови. Игрите траеле долго па дури сто и повеќе дена. Локалниот магистрат кој ги организирал игрите најмувал актер - менаџер (римско откритие), кој имал своја сопствена трупа робови и странци како изведувачи за да направи добро шоу.

Првиот постојан театар во Рим бил изграден во 55 г. пр. н. е. Театарот се состоел од три основни дела: сцена, оркестра (резервиран за видни личности) и полукружни скалила (за публиката). Во римскиот период застапени драмски форми биле комедија, мимика и пантомима (гротескно немо шоу изведувано од маскиран танчар/кловн). Придонес за развој на римскиот антички театар дале пасторалните драми: лирски поеми кои ги идеализирале радостите на селскиот и градскиот стил на живот. Генерално, римјаните не ги ценеле многу театарските претстави и често ги напуштале и оделе да гледаат гладијаторски игри, или пак театарската сцена ја доградувале и прилагодувале во гладијаторска арена [1].

Стилизирани театри на гестови, музика и пеење во античкиот период имало и во Кина (уште од 1500 г. пр. н.е.). Во Кина, низ текот на историјата се појавиле повеќе видови театри, и тоа: Шанг театар, Хан и Танг театар, театар на Сунг и Јуан и други.

Подоцна слични театри се појавуваат во Индија (Санскритско, Катхакали), во Јапонија (Но драма, бунраку, кабуки, буто), Филипини, Тајланд, Персија и други азиски држави. Во раното средновековие се јавуваат и други азиски стилови на театар: Караѓоз и Хаџиват - театар на сенки во Турција, Тазија - исламски театар и други.

Историјата на светскиот театар е обемна. Во оваа прилика, само ќе ги наведеме периодите и појавата на разновидните драмски форми, методи, стилови, системи и правци: ренесанса, комедија дел арте, реставрација, класицизам, барок, романтизам, реализам, натурализам, надреализам, панорама, мелодрама, мистицизам, неокласицизам, национализам, симболизам, романса, дадаизам, експресионизам, постмодернизам, трагедии, комедии, сатира, мимика, пантомима, танци, тетралогија, апсурд, агитпроп, биомеханика, конструктивизам, експеримент и други [1; 3; 4].

Во средниот век, во дванаесеттиот век, луѓето на црковната церемонија „Миса" гледале како драма. Така што, ако во театрите актерите кои презентирале трагедии, пред публиката тоа го правеле со помош на гестови. На истиот начин, во црквата свештеното лице, како трагичен автор, преку авангардна техника, борбата на Исус пред христијанскиот народ ја прикажувал со гестови преку кои верниците ги учи за неговото спасение. На крајот, кога жртвувањето завршува, тогаш свештеното лице им дава мир и заедништво на луѓето за среќни и весели да си одат дома [3].

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

Сепак, Мисата е еден вид на ритуал во затворен круг кој се состои само од верници и оној што ја води. Додека театарот се состои од поделени гледачи и изведувачи. Изведувачите пред публиката во живо реализираат театарски изведби од говор, реплики, ритуализирани гестови, движења, звуци и сл. Со други зборови, мисата или ритуалот е настан од кој зависат неговите учесници а театарот е настан кој зависи од своите учесници - публиката.

Според тоа, се потврдува претходно кажаното: *"гледаме дека театарот настанал од ритуал, преку која моќниот настан од којшто зависат учесниците е трансформиран во забава каде што забавувачите зависат од публиката, не се однесува само на старите или средновековните времиња. Трансформациите на ритуалот во театар се случуваат и ден денес. А и обратното, поточно трансформацијата од театар во ритуал"* [3].

Низ историјата на светскиот театар од најстари времиња до денес, сите претходно наведени драмски форми, стилови, системи и правци „произведувале" разни видови театри или жанрови: театар на трагедија, на комедија, на мелодрама, на монодрама, на мимика, на пантомима, бунраку, кабуки театар, буто театар, санскрит драма, кудијатам, караѓоз и хаџиват, театар на сенки (вајнг кулит), тазија, куклен театар, поетски театар, музички театар, мјузикл, етно мјузикл, танцов театар, фарса, театарски групи и дружини, патувачки театар, панаѓурски театар, авангарден театар, театар на апсурдот, театар на суровоста, театар алтернатива, експериментален театар, млад отворен театар, панфиз, онтолошко - хистеричен театар, театар на Сонцето, независен театар, арт театар, театар на перформансот, интимен театар, мултимедијален театар итн.

## **2. Од театар до театар за туристи**: второ ниво на развој и поврзаност

Театарот е постојана и разновидна уметничка форма, во која и денес се застапени некои многу стари стилови. Повеќе векови единствена забава на луѓето бил театарот во кој биле вклучени глума, игра, музика, танц, песни, рецитали, движења, маски, користење на разни реквизити и сл. Долго време театарот бил привилегија само за владетелите, а потоа станал пристапен и за пошироките народни маси. Таков е примерот на Садлерс Велс театар кое било познато место - градина за изведувачки уметности за задоволство на отворено уште од 1683 година. [4]

Првиот англиски поголем театар во кој доаѓале луѓе од сите општествени класи бил Шекспировиот театар „Глоуб" изграден 1599 г., но во 1613 година изгорел во пожар. Напоредно, за потребите на богатите класи, каде се изведувале банкети и претстави биле изградени и големи сали (во Англија 1622 г. во Русија во 1672 г., Франција, Шпанија и др.).

Популарноста на театарот меѓу луѓето растела, па така почнало да се градат театри за прикажување на претстави во затворен простор. Првите големи театри со архитектонска вредност се градат во крајот на XVII век и во текот на XVIII век во Англија, Русија, Франција, Италија, Шпанија, Австро-Унгарија и други држави. Најчесто тоа биле кралски театри, театри на војводи во кои работеле платени актери членови на театарски друштва. Прво во овие театри се изведувале оперски претстави а подоцна и театарски. Овие театарски групи,

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

дружини или друштва броеле по 10-20 и повеќе актери кои биле од разни места и држави и често оделе на турнеи низ Полска, Шведска, во Источна Европа, во Виена, во Франкфурт и други места [4].

За одредени цели на забава за поширокте народни маси имало патувачки актерски групи и дружини (во Англија, Франција, Италија итн.) кои изведувале претстави на отворени места, плоштади или градини резервирани за изведувачки уметности (глума, игра, танц, пеење, акробација и сл.) со цел кај публиката да предизвикаат возбуда и задоволство [4].

Голем поттик за туристички движења биле т.н. „Гранд Тури“ (од 1660 година до појавата на големиот железнички транспорт во 1840 година), главно превземени од млади европски мажи од високата аристократска класа (најчесто поврзан со британското благородништво) со доволно финансиски средства и ранг за да патуваат во простори каде има културно наследство од класичната антика и ренесансата (Атина, Рим, Фиренца, Болоња, Пиза, Венеција, Неапол и сл.) како и места каде присуствувале на оперски и театарски претстави. Овие турнеи траеле од неколку месеци до неколку години и најчесто се изведувале со вешт водич, учител и други придружници [5].

Во текот на XIX век големите театри во своите претстави ангажирале популарни артисти и од други држави, кои привлекувале публика од разни места - градови и држави.  Од средината на XIX век зачестиле и Гранд тури во Северна Африка- Египет, Блиски Исток - Палестина, Османлиското Царство - Цариград и сл. Кон Османлиското Царство популарно било патувањето со возот „Ориент Експрес“.

Друг процес кој предизвикал интерес кај населението, прво кај привилегирани посетители (богата класа, научници и сл.) а подоцна и за пошироката јавност биле музеите. Процесот на создавање и отворање на музеите е забрзано по освојувањето на Египет од страна на Франција (Наполеон I.). Тогаш голем број старо египетски артефакти биле однесени во Франција, во Лувр, а подоцна и во Кралскиот Британски музеј во Лондон. Први поголеми музеи отворени за јавноста биле: Британски музеј во Лондон (отворен за јавноста во 1759 година), музеј Лувр во Париз (отворен за јавноста во 1773 година), како и музеите во Виена, Санкт Петербург, Мадрид и други [5].

Значаен елемент во збогатување на содржината на театарскиот израз биле операта, музичките сцени, музички концертни сали, кабаре и сл. Најзначајно кабаре кое нуди музика и танц за забава на возрасни од целиот свет во кое се изведувале виртуозни танци било кабарето Мулен Руж, изградено во 1889 година. Најпознат танц во ова кабаре бил и се уште е Кан-кан. Тоа е танц со енергични движења со подигнување на здолниште и покажување на нозете, а понекогаш и гениталиите, со цел да ги заведе потенцијалните гледачи како муштерии. Честата примена на музиката во театарот, доведе до појава на посебен музички театар и мјузикл, кои биле популарни кај публиката.

Друга културна форма на забава и рекреација бил спортот. Први форми биле лов, трчање, стрелање со лак и стрела и сл. Од средината на XIX век во Западна Европа се изведуваат разни спортски натпревари, турнири, трки,

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

фестивали и слично. Најдобар пример за масовна посета на публика, гости или туристи биле спортските натпревари или игри.

Први меѓународни организирани спортски игри биле Првите модерни Олимписки игри кои се одржале во Атина во 1896 година. На овие игри учествувале 14 држави, 241 натпреварувач и траеле од 6 до 15 април. Покрај домашна публика игрите биле посетени и од странска публика од други држави. Всушност Првите модерни олимписки игри биле прв меѓудржавен масовен настан и бил „прв спортски театар за туристи или прв отворен театар за туристи“.

Од почетокот на XX век па наваму целото човештвото, повеќе или помалку е дел од „театарот за туристи“. Додека пак, од средината на XX век почнуваат да се одржуваат стотици разни фестивали, натпревари, турнири, трки и сите привлекуваат голем број туристи.

Генерално, низ целиот свет има многу примери за трансформацијата на ритуалот во театар и театарот во ритуал, но и примери на театар наменет за туристи. Така, денес театарот за драма, музика, танц, движење, филм, спорт, уметност итн., сè повеќе нуди програма за туристи, односно станува театар за туристи.

Голем дел од туристичките традиционални манифестации се театарско - туристички атракции на перформанси кои носат најразлични автентични и измислени имиња, со цел да привлечат повеќе туристи за забава, пример: „Галички свадбен фестивал - Галичка свадба“, „Сињска алка“, „стомачен танц“, „дервишки танц“, „витешки игри“, „луѓе од кал“, „деца на сонцето“, „корида“, „сиртаки“ итн. Исто така, илјадници театарски фестивали и други настани егзистираат повеќе децении: „Лица без маски“, „Гола Месечина“, „Скупи Фест“, „МЕСС Фестивал“, „Фестивал на античка драма“, „Шекспир фест“, „фестивал на самбата“, фестивал на костими“, „фестивал на Сонцето“, „фестивал фламинго“ итн. Дури и некои театарски форми туристички напреднале декларирајќи се како: „танцувачки театар“, „традиционален театар на етно танци“, „физички театар“, „уличен театар“ „театар на историски настани“ итн.

Многу фестивали траат повеќе денови и имаат разновидна програма: театарски претстави, фолклорни игри, танци и разни други перформанси. Добар пример за тоа се културните лета, пример: „Охридско културно лето“, „Скопско културно лето“, „Дубровничко лето“, „Венецијанско биенале“, „Карневал во Рио де Жанеиро“ итн.

Денес, туристичкиот бизнис влијае врз таканаречените автентични перформанси и истите претрпуваат промени со нов концепт, нова технологија, време на изведба и сл. Туризмот извршил многу влијание врз традиционалните ритуални изведби, кои претрпеле расипување или распаѓање и се разликуваат многу од генерација до генерација.

Низ целиот историски развој на театарот, публиката е таа за која постои театарот. На театарските претстави присуствувала разновидна публика од највисока до најниска социјална класа, сталеж, каста, вера, секта, група, политичка партија. На претставите присуствувале од кралеви, цареви, принцови до селани, работници, службеници и други граѓани. Доаѓала и публика од далечни места и престојувала во градот - населбата, за да ги гледа театарските претстави. Значи, театарот од неговите први денови па наваму до денес,

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

мотивирал и стимулирал движење на луѓето - како гледачи, посетители, гости, туристи со цел да присуствуваат на театарскиот спектакл.

Преформулирано со други зборови, врската на ритуалот, театарот, културата и шоу бизнисот, би изгледало вака: *„досега зборувавме за тоа дека: 1) во некои општествени уредувања ритуалните перформанси се дел од еко системот и посредуваат при политичките односи, хиерархијата во самите групи и економијата; 2) во други уредувања ритуалните перформанси почнуваат да добиваат квалитети на шоу бизнис; 3) постои дијалектичко - дидактички квалитети кој ги поврзува моќта со забавата; 4) во различни култури и во различни времиња доминира или моќта или забавата со што двете се поврзани во една динамична испреплетена врска една со друга“* [3].

Денес, театарот е збир на разни изведби, перформанси (драма, музика, танц, движење, филм, уметност, спорт, култура итн.) наменет за разни целни групи: публика (млада, стара, полова, верска, богати, сиромашни итн.), посетители (редовни, случајни и сл.) и туристи (домашни и странски).

Во сите театарски изведби доминантен елемент е моќта на забава за гости, посетители и туристи. Значи современиот театар, безусловно е наменет за сите заедно - публика, посетители и туристи.

### 3. **Од театар за туристи до културен туризам**: трето ниво на развој и поврзаност

Културата ги опфаќа нашите верувања, однесувања, начинот на кој ја обликуваме својата околина и нашиот светоглед. Повеќето делови на културата се пренесуваат понатаму преку семејството или заедницата. Во текот на растењето, луѓето несвесно ги примаат овие знаења; вредностите и обичаите на нивната општествена група им изгледаат нормални, а обичаите на другите групи им изгледаат туѓи или дури заканувачки. Меѓутоа, некои луѓе решаваат да прифатат или отфрлат извесни работи.

Заедничката култура ги зацврстуваа врските во општеството. Од неа поединците ги учат општите правила на однесување, кои самите не би можеле да ги развијат дури ни во текот на целиот животен век [6].

Покрај формалниот начин преку образование, друг начини за запознавање со разните култури во светот е туризмот, во кој главната улога ја има културниот туризам. Преку туризмот може да се осознаат делови на секоја култура. Имено, секоја култура се заснова врз 3 елементи: сфаќања, обичаи и предмети. Културните сфаќања можат да бидат заеднички и лични, обичаите пак практични и осмислени, а предметите можат да бидат практични, симболични и декоративни.

Заедничките сфаќања се темели на една култура. Луѓето полесно се разбираат, ако имаат исти погледи за светот, исти мерила со кои го разликуваат доброто од лошото, па дури и естетски мерила во смисла на заеднички идеал за убавото. Погледите на свет на некоја заедница се изразуваат во нејзините практични или осмислени обичаи.

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

Со преплетување на овие елементи се развива светогледот и се одредува местото на поединецот во светот. Токму тоа, преку културниот туризам кај поединецот се развива светогледот за одредување на местото во светот.

Културата ја одредуваат и предметите што луѓето ги употребуваат. Многу предмети имаат практична, симболична и обредна вредност. Предмети со практична вредност и намена се: приборот за јадење, друг прибор, алат и опрема за работа, професија и статусна вредност и намена (униформи за работа - бел мантил, работничко одело, училишна униформа, воена, полициска и сл.).

Предмети со симболична вредност и намена: облекување, украсување, декоративен накит (кој покажува богатство, статус или вкус на сопственикот, бунт против или за традициите во општеството и сл.). Додека, предмети со обредна вредност и намена се: разни инструменти (музички и сл.), орудија, носии, оружја и сл.

Сето ова е дел од културата на еден или повеќе народи во одреден географски простори, кој денес маркетиншки се менаџера и претставува добра материјална основа за шоу бизнис во културниот туризам.

Културата може да се прима и пренесува на многу начини. Голем дел од тоа што го знаење за светот сме го стекнале преку неформален и формален начин, односно сме го научиле на неформален начин во текот на растењето од повозрасните луѓе во нашето семејство од околината или на формален начин преку образованието.

Денес, културата стана стил на живот, но и туризмот стана стил на живот. Споени двата стила на живот го чинат културниот туризам. Реализација на туризам без програма од културен туризам не е туризам. Значи културниот туризам е секојдневие и начин на живеење.

Денес, две милијарди луѓе во текот на годината реализираат некаков вид туристичко патување. Стотици милиони луѓе во текот на годината еден и повеќе дена се надвор од дома, односно реализираат патување, посета и престој во некоја туристичка дестинација (море, езеро, планина, бања, град, село, манастир и сл.) и задолжително или факултативно следат и посетуваат една или повеќе културни изведби, објекти и сл.

Сите туристичка агенција во своите туристичко програми за патување или одмор има задолжителна програма за културна посета но и факултативни посети водена од страна на стручни лица водичи, кустоси и сл.

Пошироко гледано културата, од тука и културниот туризам во себе вклучува три видови елементи: културна област, културен објект и културен настан. Времето и начинот како тоа ќе се реализира зависи од програмата на организаторот (туристичка агенција, туристички водич, турист поединец и сл.).

Во културна област се вбројуваат: уметноста *(драмска, музичка, ликовна, литературна, филмска, библиотечна, дизајн, фолклор, обичаи, традиции, креативна индустрија, спорт и др.)*, археологијата, историјата, архитектурата, етнологијата, религијата и др.

Во културни објекти се вбројуваат: разни локалитети, споменици, музеи, театри, галерии, циркуси, изложбени салони, трговски и други центри, напуштени објекти, спортски и други стадиони и сали, историски, верски и

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

други обележја, архитектонски и градежни градби, патишта, мостови, кули, тврдини, замоци, сообраќајници, разни јавни простори плоштади, паркови итн.

Во културни настани се вбројуваат: разни претстави, манифестации, игри, натпревари, првенства, купови, трки, фестивали, изложби, циркуси, карневали, саеми, форуми, колонии, конгреси, симпозиуми, трибини, конференции итн.




Слика 2: Шематски приказ на културниот туризам по видови на елементи
Figure 2: Schematic representation of cultural tourism by types of elements

Од погоре изнесеното се гледа дека туризмот не е возможен без културата, па затоа во реализација на секој вид туризам е вклучен културниот туризам. Пример: ако туристот се определи да летува или зимува во едно место, покрај бањање, скијање и слично, престојот не може да го замисли без културен настан (претстава, забава сл.) и посета на некој културен објект (споменик, музеј и сл.). Впрочем, секој туристички локалитет или место на туристите им нуди разни содржини на одмор, забава, рекреација, едукација и слично.

Важноста и сложеноста на културниот туризам се гледа и во тоа дека од него произлегуваат повеќе селективни или алтернативни видови културен туризам, како што се: театарски, музички, ликовен, филмски, музејски, спортски, археолошки, верски, креативен, манифестационен туризам и други.

Генерално од туризмот придобивки имаат општеството и поединецот. Станува збор за повеќе разновидни придобивки, од кои најважни се економските и културните. Според тоа, и понатаму стои дилемата: - Каде припаѓа туризмот, во економијата или во културата !?

Економската вредност на туризмот се гледа преку финансиските резултати, а културната е додадена вредност преку која туристите се едуцираат, забавуваат, рекреираат и со себе ги носат впечатоците од престојот. Токму затоа, повеќе од 70% во програмите на туристичките агенции учествува

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

културна понуда на задолжителни и факултативни посети на разни културни објекти и настани. Од тука, цениме дека главна улога во туризмот има културата, односно културниот туризам. Значи, и т.н. „културни туристи" значително учествуваат во економската добивка од туризмот на секоја држава.

**Заклучок**

Од претходно изнесено може да го извлечеме следното. Најстара форма на човекова изведба е ритуалот кој во текот на милениумите се надградувал и трансформирал во разни уметнички форми од кои најважен е театарот. Значи почетокот е од предисториски ритуал до театар, како прво ниво на развој и интеграција.

Театарот е најдобрата уметничка форма во која се преплетуваат сите уметнички вредности: глума, движење, мимика, пантомима, музика, ритам, моторика, гестикулација, рецитал, пеење, текст, реплики, говор, реторика, сцена, костим, шминка, сценарио, режија, професионализам итн. Сето ова да биде успешно потребна е континуирана едукација и напорна работа на актерот. Театрите привлекуваат различна публика на посетители и туристи.

Од XX век наваму театарот се прилагодува и на туристичка публика. Денес во светот има илјадници разни театарски фестивали кои привлекуваат милиони туристи. Значи развој на театарот, од театар до театар за туристи, како второ ниво на развој и интеграција.

Во речиси два века од развој на туризмот, најчести мотиви за посета се природните и културните места, појави, процеси и објекти. Културните места и објекти се најпосетени од страна на туристите, па од тука произлезе и посебна форма на туризам а тоа е културниот туризам. Значи развојот на театарот поминал во највисока, трета фаза на развој и интеграција од театар за туристи до културен туризам.

Во културниот туризам, театарот - актерот има главна улога и тоа во сите форми. Актер кој е способен да биде професионалец на сцената и надвор од сцената може да биде во улога на забавувач, раскажувач, водител, говорник итн.

Ако туризмот е дел од секојдневниот живот на луѓето, според тоа истиот мора да понуди нешто ново што ќе ги задоволи желбите на туристите за одмор, рекреација, забава и сл. Во сето тоа, главна улога треба да имаат артистите (актер, музичар, пејач, танчар, пантомимичар, забавувач, водител, раскажувач, говорник итн.). Токму поради тоа, подготовката и реализацијата на туристичката понуда не е едноставна работа. Голем дел од туристичките аранжмани изобилуваат со културна задолжителна и факултативна програма.

Генерално, секоја туристичка дестинација каде доаѓаат туристи сериозно се подготвува да пречека и угости туристи од разни страни на светот. За сето да биде беспрекорно, важна улога имаат лицата задолжени за културната изведба а тоа се „артистите" (драмски, музички, ликовни, фолклорни, музејски и други лица). Глобално гледано уметноста е важен сегмент во туризам, а во нашиот случај, делумно ја објаснуваме само улогата на театарот во културниот туризам.

UDK **338.48-6:792**
https://doi.org/10.46763/YBFTBL2441027d

**Користена и консултирана литература:**

1. Греам, Р., (2009) *Театар*, „Табернакул“, Скопје
2. Аристотел, (1990) *„За поетиката“* (превод од старогрчки Михаил Д. Петрушевски), „Култура“, Скопје
3. Шекнер, Р., (2009) *Теорија на изведбата*, „Нампрес“, Скопје
4. Хардисон, Л. Ф., (2009) *Историја на светскиот театар: од англиската реставрација до денес*, „Табернакул“, Скопје
5. Димитров, В. Н., (2020) *Природно и културно наследство*, Унииверзитет „Гоце Делечев“ - Штип, и Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип
6. *Човек - Голема илустрирана енциклопедија* (2007), „Младинска книга“, Скопје